СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Здружение на деловно интелектуалните услуги
Бр.38-1406/1
13.10.2021
Скопје

До
Министерство за финансии на РСМ
Скопје

**Предмет: Мислење во однос на Нацрт-Законот за ревизија**

Почитувани,

Во врска со објавениот Нацрт-Закон за ревизија, Здружението на деловно интелектуалните услуги при Стопанската комора на Северна Македонија ја поздравува определбата на надлежните институции на РСМ за усогласување на националното законодавство со барањата на ЕУ-прописите во оваа област, како доуредување и допрецизирање на постојниот законски текст.

Нацрт-Законот беше разгледан од страна на Здружението на деловно интелектуалните услуги при Комората по што го доставуваме следното Мислење во однос на текстот на Нацрт-Законот.

Во извештајот за проценка на влијанието на регулативата, наведено е дека основ за донесување на овој предлог закон е усогласување со директивите/регулативата на ЕУ од 2014 година, како и со ажурураниот РОСК Извештај за сметководство и ревизија на Светска банка кој што е исто така од 2014 година. Во Извештајот за напредокот на ЕУ за нашата земја во 2020 година не се наведени конкретни забелешки за потребните усогласувања со регулативата на ЕУ. Од 2014 година до денес донесени се шест значајни измени и дополнувања на Законот за ревизија, а особено во насока на усогласување со наведените основи за носење на овој предлог Закон.

Имено, Нацрт-Законот за ревизија содржи многу одредби кои што не се однесуваат на усогласување со регулативата и барањата на ЕУ, одредби што се неприменливи, а во голема мера и такви што може да нанесат материјална штета на професијата која што е веќе етаблирана и развиена.

Би сакале да нагласиме дека Нацрт-Законот има обемен и широк опфат, и во определени сегменти навлегува во дел од надлежностите на вашата институција, како и на други регулаторни тела, а опфатени се и прашања кои што ја засегаат и бизнис заедницата во РСМ. Дополнително, Законот навлегува во регулирање на аспекти од ревизијата што се дефинирани со професионалните стандарди и е апсолутно непотребно и спротивно на праксата да се дефинираат и во Закон. Исто така, нагласуваме дека во повеќе делови од овој предлог закон се врши повторно регулирање на прашања што се веќе регулирани со други закони, кои што во однос на Законот за ревизија се основни закони како што е на пример Законот за трговски друштва. Со ваков текст на Нацрт-Законот можеме да констатираме дека се рушат темелите и сите досегашни постигнувања на професијата.

Земајќи го предвид горенаведеното, сметаме дека периодот за доставување мислење е краток и недоволен за суштинска анализа. Донесување на закон на вака

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

избрзан начин може да нанесе поголема штета од придобивките од носење на закон кој што има за главна цел да се усогласиме со директиви и барања на ЕУ.

**Поради тоа, предлагаме пред воопшто да се пристапи кон натамошно спроведување на постапката за донесување на овој закон, предлагачот сеопфатно да ги разгледа забелешките и укажувањата на компаниите со цел да се избегнат негативни последици врз вршењето на професијата и да се овозможи донесување на закон кој ќе биде во согласност со европските прописи и применлив во практиката.**

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Претседател,
Верица Хаџи Василева-Марковска, с.р.

СКОПЈЕ 1